# БАРАЊЕ ЗА ДОБИВАЊЕ ДОЗВОЛА ЗА САМОСТОЕН ПОСТАПУВАЧ

Се доставува барање (нема пропишан образец). Кон барањето се приложува:

1) податоци за назив и седиште на правното лице барател –самостојниот постапувач;
2) податоци за посебниот тек на отпад за кој се бара дозволата;
3) податоци за електронскиот систем за обработка, доставување и водење на податоци во согласност со обврските за управување со посебен тек на отпад и податоци за начинот на одржување на системот од членот 43 од овој закон;
4) податоци за вкупната количина на производи кои се пуштени на пазарот за претходната година од страна на самостојниот производител;
5) потврда од Централниот регистар на Република Северна Македонија за регистрација на правното лице самостоен постапувач, како и потврда за тековната состојба;
6) потврда од Управа за јавни приходи дека за самостојниот постапувач не е покрената постапка за ликвидација или стечај;
7) доказ за обезбедена финансиска гаранција согласно со членот 28 од овој закон;
8) програма за остварување на проширената одговорност на производителот за посебниот тек на отпад од членот 30 од овој закон;
9) список на правни лица, кои имаат дозволи за управување со отпад согласно со прописите за управување со отпад, со кои самостојниот постапувач има склучено договори за извршување на обврските за управување со отпад, кој задолжително содржи податоци за: назив и седиште на правното лице, број на договор склучен со колективниот односно самостојниот постапувач, вид и број на дозвола за управување со отпад согласно со прописите за управување со отпад на правното лице, опис на предметот на договорот со самостојниот постапувач; како и податоци за вкупниот капацитет на секое правно лице за собирање, преработка и рециклирање на отпад согласно со дозволата за управување со отпад и договорениот капацитет со самостојниот постапувач;